РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општинска ... установа
Бр. 01-100/1
14.08.20 год.
ПРОБИШТИП

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор (“Службен весник на РСМ” бр. 27/14 и 199/14,35/18,198/18,14/20), директорот на Општинската установа Дом на културата,,Злетовски Рудар,,-Пробиштип, на 14.08.2020 година, донесе:

# ФУНКЦИОНАЛНА АНАЛИЗА

## 1.Податоци за законските надлежности на установата

Установата преставува општинска установа од областа на културата согласно одлуката на Советот на општина Пробиштип за превземање на оснивачките права и утврдување на општинска установа од областа на културата бр.07-109/7 од 14.05.2004 година со упис во Основен суд Штип во регистерска влошка 1-363-0-0 со Решение Срег 4/06 од 16.01.2006 година.

Приоритетна дејност / главна приходна шифра на установата е 90.04 - дејности на објекти за културни манифестации.

Установата ја спроведува Годишната програма за работа , ја реализира својата основна дејност во корелација со општина Пробиштип, Министерството за култура, а соработува и со бројни правни и физички субјекти врз основа на овластувања и законски надлежности од законот за културата и други закони поврзани или се однесуваат на културните дејности.

## 2.Податоци за обемот на работа на секој организационен облик во установата

Од оснивањето а последните три години во Домот функционираат следните организациони облици:

-АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА
-СТРУЧНА СЛУЖБА
-ПОМОШНО ТЕХНИЧКА СЛУЖБА

Административната служба во рамките на својот делокруг на работа извршува работи од административна природа и од областа на човековите ресурси, заради остварување на дејноста на установата.

Во административна служба согласно постојниот акт за систематизација, се опфатени следните работни места:

- 1(самостоен референт – главен благајник)
- 1(помлад референт – сметководител)

Стручната служба во рамките на својот делокруг на работа ги извршува работите од областа на сценско уметничкото творештво и презентирање на раљзлични културни содржини како и извршување на задачи од областа на библиотечната , киноприкажувачката и ликовно галериската дејност.

Во стручната служба се опфатени следните работни места:

- 1(библиотекар)
- 1(самостоен библиотекарски помошник)
- 1(друг стручен соработник во културата)

- 1(соработник за драмска дејност)
- 1(соработник за фолклорна и сценско уметничка дејност)

Помошно техничката служба во рамките на својот делокруг на работа, извршува работи од помошно-технички карактер, со кои се обезбедува непречено функционирање на установата.

Во помошно техничка служба се опфатени следните работни места:

- 1(опдговорен декоратер)
- 1(хигиеничар)

**3. Податоци за бројот на систематизирани и пополнети работни места**

Податоци за систематизирани и пополнети работните места:

- број на систематизирани работни места : 9
- број на пополнети работни места : 9

**4. Проценка на ефикасноста на секој организационен облик во однос на остварувањето на законските надлежности , стратешкиот план/или програмата за работа и за почитување на роковите**

Ефикасноста ја проценуваме врз основа на податоците, увидени од извештаите за работа на годишно ниво и поединечните извештаи за работа, за реализираната програма и проекти изработувани согласно закон, од постојната архивска документација за работата и од извршените надзори во изминатиот период.

- Во АДМИНИСТРАТИВНА СЛУЖБА, оправданоста за промена и усогласување на систематизацијата во административната служба е поради новиот колективен договор за културата кој стапи на сила на 16 јануари 2020 година.
- СТРУЧНА СЛУЖБА оправданоста за промена и усогласување на систематизацијата во стручна служба е поради новиот колективен договор за културата кој стапи на сила на 16 јануари 2020 година.
- ПОМОШНО ТЕХНИЧКА СЛУЖБА оправданоста за промена и усогласување на систематизацијата во помошно техничка служба е поради новиот колективен договор за културата кој стапи на сила на 16 јануари 2020 година.

**5, Проценка за внатрешната организација потребна за остварување на законските надлежности, стратешкиот план и/или програмата за работа во законски утврдените рокови**

Постојната внатрешна организација на установата, е соодветна за реализација на надлежностите од дејностите и за конкретна реализација на програмата на установата во целост, со акцент на спомената поптреба од оправданоста на промена и усогласување поради новиот колективен договор за културата кој стапи во сила на 16.01.2020 година , а заради непречено функционирање на установата.

**6. Проценка на работни места потребни за остварување на законските надлечности, стратешкиот план и/или програмата за работа во законски утврдените рокови**

Постојните работни места утврдени во систематизацијата се следни:

| Ниво | Систематизирани работни места и број на извршители | Пополнети работни места |
|---|---|---|
| Г02 | Друг стручен соработник | Друг стручен соработник |
| Г03 | соработник за фолклорна и сценско уметничка дејност | соработник за фолклорна и сценско уметничка дејност |
| Г03 | соработник за драмска дејност | оработник за драмска дејност |
| Д03 | Библиотекар | Библиотекар |
| Ѓ01 | Самостоен библиотекарски помошник | Самостоен библиотекарски помошник |
| Г01 | Самостоен референт - благајник | Самостоен референт - благајник |
| Г04 | Помлад референт - сметководител | Помлад референт - сметководител |
| А02 | Одговорен декоратер | Одговорен декоратер |
| Б03 | Хигиеничар | Хигиеничар |
| Вкупен број | 9 (девет ) систематизирани работни места | 9 (девет) извршители |

Систематизираните работни места се усогласуваат согласно обврските од колективниот договор и заради непречено функционирање на работата.

**7. Образложение за потребата од промена на внатрешната организација и/или на потребата од промена на систематизираните работни места (зголемени/намалени надлежности и/или зголемен/намален обем на работа)**

Дефинирано во точка 5 од функционалната анализа -5 Проценка за внатрешната организација потребна за остварување на законските надлежности. стратешкиот план

и/или програмата за работа на дејностите во Домот на културата во законски утврдените рокови.

14.08.2020 година

Општинска установа Дом на културата
,,Злетовски Рудар,,-Пробиштип
ВД Д и р е к т о р

/Томчо Василевски/